ДАНОЧНА ОДГОВОРНОСТ

# ГРАЃАНСКИ ИЗВЕШТАЈ

CITIZEN REPORT CARD

# во ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## Рурални населени места за 2021 година

Оценка на граѓаните за задоволството од општинските услуги и нивните приоритети за капитални инвестиции во руралните населени места

Проктот е финансиран од Европската Унија

Проектот е имплементиран од Центар за Економски Анализи

# Граѓански извештај/Citizen Report Card

# во Општина Крива Паланка

# Рурални населени места за 2021 година

## Оценка на граѓаните за задоволството од општинските услуги и нивните приоритети за капитални инвестиции во руралните населени места

ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА)

**Проект за даночна одговорност – кон граѓанска одговорност и одговорни даноци**

**Веб страница:**
www.cea.org.mk

*Проектот е финансиран од Европската Унија Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствено одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

Септември, 2021, Скопје

Проектот е финансиран од
Европската Унија

Проектот е имплементиран од
Центар за Економски Анализи

**Проект**:
Даночна одговорност – кон граѓанска одговорност и одговорни даноци

**Имплементира:**
Центар за економски анализи (ЦЕА)

**Изготвил**:
Центар за економски анализи (ЦЕА)

**Издавач**:
Центар за економски анализи (ЦЕА)
бул. Јане Сандански 63/3
1000 Скопје, Република Северна Македонија
info@cea.org.mk, www.cea.org.mk

# Содржина

Вовед и методологија ........ 4

Граѓаните на општина Крива Паланка за квалитетот на живот и степенот на задоволство од локалните услуги ........ 7

Граѓаните за квалитетот на живот ........ 7

Ценета предност на општината ........ 9

Задоволство на граѓаните од општинските услугите ........ 10

Степенот на задоволство од посебните услугите ........ 11

Степен на задоволство од добиената услуга ........ 12

Приоритети на граѓаните за капитални инфраструктурни инвестиции за подобрени општински услуги ........ 13

Приоритети на ниво на општината ........ 13

Приоритети на граѓаните за урбанизација и капитални инвестиции по населено место ........ 14

Споредба на приоритетите идентификувани преку анкета на терен и приоритетите идентификувани преку работната средба со фокус групата ........ 17

Перцепција за степенот на вклученост и учество на граѓаните во креирањето на локални политики и консултации ........ 19

Граѓанско учество и комуникација ........ 19

Преферирани канали за информирање ........ 19

Клучни наоди ........ 20

Препораки ........ 21

Анекс 1 Фокус група за идентификување на приоритетите на граѓаните од руралните средини на Општина Крива Паланка ........ 22

Анекс 2 Анкетен прашалник (за граѓаните) ........ 28

## Вовед и методологија

Граѓанскиот извештај (Citizen report card) претставува алатка со која се оценува степенот на задоволство на граѓаните од различните локални услуги, а воедно претставува и јасно идентификување на локалните приоритети на граѓаните преку нивно директно учество во процесот. Информациите за подготовка на Граѓанскиот извештај се засноват врз мислењата и перцепциите на граѓаните, а информациите се собрани преку спроведување на анкети и фокус групи со граѓани. Преку овие методи, граѓаните го дадоа своето мислење за оценка на локалните јавни услуги, а исто така и го изразија степенот на нивното задоволство од користењето на локалните јавни услуги[1]. Целата на овие информации е од една страна да се подигне свеста на граѓаните за услугите како и за потребата од учество во носењето на локалните одлуки, а од друга страна да се спроведат реформи во системот за давање на јавни услуги. Клучна карактеристика на оваа алатка е тоа што наодите од анкетата се користат на јавни состаноци и средби, со што претставува ефективен инструмент за промовирање транспарентност и отчетност.

Граѓанскиот извештај се користи во ситуации кога општината нема информации за перцепциите на граѓаните за квалитетот и задоволството од јавните услуги[2] и има за цел да ја подигне свеста на граѓаните за важноста на нивното учество при носењето на локалните јавни политики.

Користењето анкети на одреден или репрезентативен примерок на граѓани претставува практичен метод за да се идентификуваат ставовите, приоритетите и однесувањето на одредена група на граѓани.

Наодите од спроведените анкети и фокус групи со граѓаните можат да им помогнат на јавните службеници пред сè во приоритизацијата и подобрувањето на јавните услуги за граѓаните. Анкетите исто така можат да помогнат во зголемување на опфатот на граѓани со цел што повеќе да учествуваат во процесот на носење на локални политики. Спроведувањето на анкети со граѓаните, се алатка за унапредување на процесот на таканаречена делиберативна демократија во едно општество, каде што јавните службеници имаат одговорност пред граѓаните за обезбедување на подобрени јавни услуги. Процесот на анкетирање придонесува и кон подобрување на квалитетот на демократското владеење/управување, бидејќи претставува алатка за зголемена партиципативност на граѓаните во носењето и оценка на локалните политики. Оттука, партиципативноста на граѓаните дополнително се зајакнува кога резултатите од анкетите се јавно и транспарентно презентирани и дискутирани и преку организирани дискусии со фокус групи, работилници, состаноци и сл. Отвореноста и подготвеноста на централната и локалната власт за

---

[1] https://openknowledge.worldbank.org/bitstream/handle/10986/11277/286010CRC0SD0note09101public1.pdf?sequence=1&isAllowed=y

[2] ibid

вклучување на граѓаните во креирањето на локалните политики е тесно поврзана со транспарентноста, којашто дава дополнителна вредност и перцепција дека гласот/мислењето на граѓаните се зема предвид.

Наодите од Граѓанскиот извештај за **Крива Паланка** се засноваат на резултатите и наодите од спроведената анкета со група граѓани како и на надоите од дискусијата на фокус групата спроведена со граѓаните во општина **Крива Паланка** кои живеат во руралните населени места. Извештајот е дел од поширока активност за промовирање и олеснување на процесот на носење одлуки во општината врз основа на потребите на локалната заедница и граѓаните, како дел од Проектот за даночна одговорност – кон граѓанска одговорност и одговорни даноци[3]. Целта на Граѓанскиот извештај е подобро да ги отслика потребите и приоритетите на граѓаните на оваа општина, преку нивно поголемо вклучување во процесите на планирање на општинските ресурси коишто се наменети за инфраструктурни проекти и капитални инвестиции како и при креирањето на локални стратегии и планови на локалната самоуправа.

За спроведување на анкетата лице-в-лице, се користеше структуриран прашалник, со граѓани избрани по случаен избор (Анекс 1). Прашалникот се состои од следните делови: вовед и цел на прашалникот, прашања за квалификации, општи информации за испитаникот, дел за вредностите на граѓаните, дел за оценување на нивото на задоволство од добиените локални услуги, дел за идентификување на приоритети за локални капитални инвестиции за унапредување на услугите. Дополнително, посебен дел во прашалникот е наменет за оценка на степенот на учество на граѓаните во носењето одлуки на општинско ниво како и претпочитаните канали на граѓаните за комуникација со општинските власти и администрација.

Со цел зајакнување на учеството на граѓаните во планирањето и носењето на локални политики, како и потврдување на наодите од спроведените прашалници, како дел од процесот на подготовка на граѓанскиот извештај, се користеше и методот на дискусија во фокус групи. Фокус групите беа организирани во форма на структурирана и насочена дискусија со претставници на месните рурални заедници. Дискусиите со фокус групите се користени за ефикасно прибирање на информации кои се однесуваат како за предизвиците со кои се соочуваат граѓаните, така и за прибирање и/или потврдување на предлози за подобрување на општинските јавните услуги.

Анкетата во руралните средини на Општина **Крива Паланка** беше спроведена на примерок од 92 граѓани (N = 92 граѓани), од кој поголемиот број од машки пол, сите полнолетни граѓани (над 18 години), и постојани жители на рурална заедница /населба во општина Крива Паланка. Структурата на број на граѓани по населени места пропорционално на бројот на жители во населените места се следни: Длабочица (4), Узем (5), Мождивњак (12), Градец (6), Жидилово (5), Крклја (5), Конопница (22), Мартиница (1), Трново (4), Добровница (4), Дурачка река (4), Луке (5), Нерав (5), Огут (4), Станци(4)

Демографски карактеристики на примерокот на анкетирани граѓани: 36% од примерокот се жени, додека 64% се мажи, најголем дел од примерокот се граѓани на возраст помеѓу 50 и 70 години (62%), потоа граѓани на возраст од 30-50 години (29%) и граѓани на возраст меѓу 18 и 34 години (9%).

[3] Види повеќе на https://cea.org.mk/proekt-za-danochna-odgovornost-kon-graganska-odgovornost-i-odgovorni-danotsi/







Во однос на структурата според статусот на вработување, најзастапени во примерокот се лицата кои се во пензија со 38%, потоа 23% се постојано вработени лица, 22% од примерокот се невработени лица, 16% се граѓани со повремено вработување и 1% се самовработени лица. Според степенот на образование, анкетираните лица се со следната структура: 58% од примерокот се граѓани со завршено средно образование и 36% со завршено основно образование, додека 7% од примерокот се со завршено високо образование.







Според висината на приходите, најголем дел од испитаниците (49%) се членовите на домаќинства со годишни приходи до 180 илјади денари, 29% од примерокот се граѓани дел од домаќинства со

годишни приходи помеѓу 180 илјади и 300 илјади денари, и 16% од примерокот се граѓани со годишни приходи помеѓу 300 илјади и 600 илјади денари. Останатите 4% се граѓани - дел од домаќинства кои се приматели на социјална помош и само 1% од примерокот припаѓаат на домаќинства со приходи помеѓу 600 илјади и милион денари.




# Граѓаните на општина Крива Паланка за квалитетот на живот и степенот на задоволство од локалните услуги

## Граѓаните за квалитетот на живот

Квалитетот на животот се дефинира како перцепција на поединецот за неговата/нејзината положба во животот и општеството, во контекст на културата и на вредносните системи во кои живее и во врска со неговите/нејзините цели, очекувања, стандарди и интереси.[4] Од аспект на економскиот развој, концептот на „квалитет на живот“ вклучува комплексна рамнотежа на индикатори на поединецот за условите за работа и образование, здравствената заштита и домувањето, уметност и култура, инфраструктура и материјалните услови за живеење.[5]

На прашањето за перцепцијата за нивниот степен на квалитет на живот во нивното место на живеење, жителите на руралните населени места во општина  Крива Паланка во квалитетот на

4 https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/8518769/#:~:text=Quality%20of%20life%20is%20defined,%2C%20expectations%2C%20standards%20and%20concerns

5 https://www.thinkcurrituck.com/blog/economic-development-and-quality-of-life

животот го оценуваат со повисоко од средно ниво со оценка од 3,1 (на скала од 1 до 5). Оценката за квалитетот на условите за живот се разликуваат помеѓу руралните населени места во Општина Крива Паланка. Имено најголема разлика од просечната оценка, а во насока на значително повисока оценка за квалитетот на живот, според испитаните граѓани е во населено место Конопница и Трново, а значително пониска оценка на населено место Мартиница, во кое средната оценка е 1.




На прашањето да дадат приоритет и оценка за погодноста на локацијата за живеење во однос на можностите за развој и живеење, најголем дел од граѓаните на овие населени места, ја оценуваат општината како место погодно за пензионирање, и тоа со оценка над просечната вредност од сите оценки од испитаните граѓани со просечната вредност 4 (од 5), а значително помалку како место кое е атрактивно за живот и развој на младите (вклучително достапност на работни места, или пак образование за младите). Истовремено, според просечната оценка на граѓаните, руралната средина во Крива Паланка, ја сметаат како место во кое е погодно да се живее и да се гради семејство.



## Ценета предност на општината

Жителите на руралните населени места на општината ја ценат локацијата/местото каде што живеат пред сè поради мирното опкружување кое го овозможува руралната средина, без урбан сообраќај и метеж. Исто така, значителна предност која ја ценат за местото каде живеат, е и почистата животна средина и природа.

Жителите на општината помала важност даваат на социјалните аспекти во помалите заедници како што се и близината и односите во заедницата. Дополнително, големината на заедниците воопшто не претставува карактеристика која ја сметаат за важна.




На прашањето за граѓаните, да направат споредба на тековниот со квалитетот на нивниот живот во минат период (пред пет години), најголем дел од граѓаните, 64%, изјавиле дека нема промени во квалитетот на нивниот живот. За останатите 18% од граѓаните квалитетот на нивниот живот се подобил, додека за 19% од интервјуираните граѓани се влошил.

.




## Задоволство на граѓаните од општинските услугите

Според жителите во руралните средини, просечната оценка за работата и квалитетот на обезбедените општински услуги од страна на општина е оценета со просечна оценка 3,1 (на скала од 1 до 5). Пониска оценка даваат граѓаните за степенот на консултација на општината со жителите, при донесувањето на одлуките 2,1 (од 5). Просечната оценка на граѓаните за вредноста на услугите кои ги добиваат наспроти висината на даноците кои тие ги плаќаат е 2,6 (од 5). Оттука, општата оценка е дека граѓаните очекуваат поголем квалитет на услугите кои ги добиваат од единицата за локална самоуправа како и поголемо вклучување во носење на одлуките кои се однесуваат на нивната општина.



## Степенот на задоволство од посебните услугите

Степенот на задоволство од услугите на општината, вклучувајќи ги и комуналните услуги во надлежност на општината, значително варира во зависност од видот на услугата која ја обезбедува општината и надлежностите.




Граѓаните од руралните средини на Општина Крива Паланка во просек се **најзадоволни** од услугите:
а) јавно улично осветлување, и
б) степен на локална инфраструктура
в) обезбедено основно образование

**Најниските просечни оценки** граѓаните дале за услугите и активностите за:

(а) Граѓанските консултации,
(б) заштитата на животната средина,
(в) одржување на речни корита,
(г) културни и рекреативни настани во заедницата,
(д) планирање на користење на земјиштето.

Постојат разлики по поединечните населени места и тоа главно онаму каде има недостаток на инфраструктура за обезбедување на дадената услуга, како на пример немање на водоводна и канализациона мрежа.

## Степен на задоволство од добиената услуга

Од интервјуираните граѓани, само 14% во текот на изминатата година биле во директен контакт и комуникација со општината, и тоа примарните причини во повеќето случаи се поврзани со барање за инфраструктурни санации во делови од нивното место на живеење или пак проблеми поврзани со процесот на легализација на нивните имоти.



# Приоритети на граѓаните за капитални инфраструктурни инвестиции за подобрени општински услуги

## Приоритети на ниво на општината

За 36% од целокупниот број на испитаници единствениот приоритет на граѓаните за капитални инвестиции во руралните области во Крива Паланка е воспоставување или унапредување на системите за канализација и отпадни води, потоа воспоставување и унапредување на системот за наводнување и водоснабдување (27%), како и обезбедување јавен превоз и подобрување на условите на патиштата (24%). Подобрување на комуналната хигиена во руралните населени места е исто така важен приоритет за граѓаните (14%).




Оттука, според испитаните граѓани, приоритетите за капиталните инфраструктурни инвестиции се рангирани по приритет како што следува:

1) Подобрена патна инфраструктура – асфалтирање и одржување на улици и мостови,
2) Унапредување на канализацискиот систем;
3) Подобрување на водоводната мрежа,
4) Создавање услови за рурален туризам,
5) Подобрување на комуналната хигиена,
6) Изградба на објекти за обезбедување на подобрени услуги (игралиште, училиште, градинка, културен дом),
7) Поставување на урбана опрема
8) Подобрени услови за вработување и можности за млади.




## Приоритети на граѓаните за урбанизација и капитални инвестиции по населено место

Приоритетите според населено исто така се разликуваат иако доминира потребата за подобрен патна инфраструктура, воспоставување на водоводна мрежа или пак канализациона мрежа скоро кај сите населени места. На приказите подолу се прикажани приоритетите кај дел од населените места во општина Крива Паланка.







Населено место Огут
Водоводна мрежа
Канализациона мрежа
50%
50%
0%
20%
40%
60%


Населено место Кркља
Урбана опрема
Канализациона мрежа
Водоводна мрежа
Патна инфраструктура
13%
25%
25%
38%
0%
10%
20%
30%
40%


Населено место Станци
Комунална хигиена
Водоводна мрежа
Канализациона мрежа
33%
33%
33%
0%
10%
20%
30%
40%


Населено место Мождивњак
Урбана опрема
Комунална хигиена
Водоводна мрежа
Патна...
Градинка
Канализациона мрежа
0%
10%
20%
30%
40%


Населено место Добровница
Можности за млади
Патна инфраструктура
Канализациона мрежа
22%
22%
56%
0%
20%
40%
60%


Населено место Луке
Комунална хигиена
Патна инфраструктура
Канализациона мрежа
17%
17%
67%
0%
20%
40%
60%
80%


Населено место Трново
Комунална хигиена
Водоводна мрежа
Канализациона мрежа
20%
40%
40%
0%
10%
20%
30%
40%
50%


Населено место Дурачка река
Рурален туризам
Патна инфраструктура
Можности за млади
17%
33%
50%
0%
20%
40%
60%


Населено место Нерав
Патна инфраструктура
Канализациона мрежа
Водоводна мрежа
29%
36%
36%
0%
10%
20%
30%
40%

## Споредба на приоритетите идентификувани преку анкета на терен и приоритетите идентификувани преку работната средба со фокус групата

Приоритетите дефинирани од страна на граѓаните преку спроведената анкета и приоритетите дефинирани од претставниците од месните заедници кај дел од населените места се разликуваат.[6]

| **Приоритет/Населено место** | **Дурачка река** | | **Луке** | | **Нерав** | | **Огут** | | **Станци** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница |
| **Патна мрежа и реконструкција на локални патишта** | √ | | √ | √ | √ | √ | | | | √ |
| **Изградба и реконструкција на објекти (пр. културен дом)** | | | | | | √ | | | | |
| **Водоснабдување** | | | | √ | √ | | √ | | √ | |
| **Канализациона мрежа** | | | √ | | √ | √ | √ | | √ | |
| **Обезбедување личен имот од штети од диви животни** | | | | | | | | | | |
| **Комунална хигиена** | | | √ | | | | | | √ | |
| **Вработување** | √ | | | | | | | | | |
| **Урбана опрема (Јавно осветлување...)** | | | | √ | | | | | | √ |

6 Види повеќе за идентификуваните приоритети од граѓаните во Анекс 1 Фокус група за идентификување на приоритетите на граѓаните од руралните средини на Општина Крива Паланка

| Приоритет/Населено место | Мождивњак | | Кркља | | Конопница | | Трново | | Добровница | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница | Граѓани | Претставници на Месна заедница |
| **Патна мрежа и реконструкција на локални патишта** | | √ | √ | √ | √ | √ | | | √ | √ |
| **Изградба и реконструкција на објекти (пр. културен дом)** | | | | | | √ | | | | |
| **Водоснабдување** | √ | √ | √ | | √ | √ | √ | | | |
| **Канализациона мрежа** | √ | √ | √ | | | √ | √ | | √ | |
| **Обезбедување личен имот од штети од диви животни** | | | | | | | | | | |
| **Комунална хигиена** | √ | | | | | | √ | | | |
| **Вработување** | | | | | | | | | √ | |
| **Урбана опрема (Јавно осветлување...)** | √ | √ | √ | √ | √ | | | | | √ |

# Перцепција за степенот на вклученост и учество на граѓаните во креирањето на локални политики и консултации

## Граѓанско учество и комуникација

Во врска со граѓанското учество, само 2% од испитаниците - граѓани, веруваат дека постојат механизми коишто општина Крива Паланка ги користи за да ги вклучи граѓаните во донесувањето одлуки за локалната заедница. Механизмите на комуникација помеѓу општината и граѓаните ја гледаат како формална процедура.




## Преферирани канали за информирање

Без разлика на возраста на испитаниците, онлајн комуникацијата и социјалните мрежи (примарно Facebook) е најпреферираниот канал на комуникација на граѓаните од руралните населени места во општина Крива Паланка. Потоа следата отворен ден за консултации- директно со градоначалникот или пак редовните консултативни состаноци кои исто така се преферирани механизми и алатки за комуникација од страна на граѓаните. Никој од испитаниците не ја навел веб страницата или службениот гласник на општината како преферирани канали за комуникација.




## Клучни наоди

Потребите на граѓаните како приоритетни во однос на унапредена инфраструктура преку капитални проекти, се во доменот на поставување или унапредување на примарна инфраструктура и потребите можат да се категоризираат во:

- Подземна инфраструктура – во системи за канализација и отпадни води како и вода за пиење,
- Патна инфраструктура- или за изградба на локални патишта или за одржување на истите како и поставување урбана опрема,
- Надземна инфраструктура - во градба или реновирање на објекти за образование, социјална грижа, култура и спорт.

Понатаму, граѓаните сметаат дека дел од општинските активностите/проектите се одлагаат поради долгите процеси на локално ниво поврзани со изработка и донесување на детални урбанистички планови. А истовремено, предизвикот кај сите ЕЛС за недостаток на капацитети за поголеми капитални инвестиции останува.

Генерално, граѓаните не се чувствуваат вклучени во донесувањето одлуки на локално ниво ниту за трошењето на буџетските средства, вклучително и посебно за капиталните инвестиции, како и во процесите на урбанизација, итн. Постои интерес кај граѓаните за поставување и редовно практикување на механизми за директна комуникација преку така наречени форуми на граѓани на кои граѓаните би учествувале директно во поставувањето на приоритетите за трошењето на буџетските средства.

## Препораки

1. Воспоставување на формален и редовно практикуван механизам за активна комуникација на општинските власти со граѓаните, кој има форма на граѓански форум/парламент, фокус група или слично, каде граѓаните ќе имаат директна можност за учество во донесувањето на одлуки за распределбата на буџетот. Ваквиот процес овозможува учество на граѓаните во одлучување на приоритизација на планираните капитални проекти, нивно информирање со предизвиците на општината и за степенот на изводливоста на приоритетите. Дополнително, процесот е потребно да вклучува повратни информации за тоа кои приоритети се прифатени од страна на општината како и извештај од спроведување на проектите;

2. Воспоставување редовни механизми на анкетирање на граѓаните (преку интернет или лице в лице, или комбиниран пристап) за да се оцени нивото на задоволство од добиените општински услуги. Ваквата алатка на прибирање на информации на одреден временски период ќе овозможи споредливост и мерење на промените.

3. Активното ангажирање на граѓаните може позитивно да влијае на зголемување на довербата на граѓаните кон општините, поради повеќето информации за предизвиците со кои се соочуват граѓаните и чувството за сопственост во донесување одлуки во и за нивната заедница. Истовремено, општината ќе биде поблиску информирана за предизвиците за да може да одговори на нивните потреби;

4. Користење на механизми за учество во различни области  и теми како што се: планирање и распределба на локалниот буџет, планирање на повеќегодишни капитални инвестиции и нивно приоритизирање, развој на различни програми, транспарентност и отчетност, урбанизација, рурален развој итн.

# Анекс 1 Фокус група за идентификување на приоритетите на граѓаните од руралните средини на Општина Крива Паланка

**Вовед и позадина**

Фокус групата за идентификување на приоритетите на граѓаните од руралните средини се одржа во основното училиште во општина Крива Паланка на ден 14.07.2021. Фокус групата имаше за цел да ги поврзе општината Крива Паланка и претставниците од руралните месни заедници за заедничко дефинирање на клучните приоритети во руралните средини. Оваа фокус група/дискусија неслучајно се одржа исклучиво со претставници од руралните месни заедници кои ги претставуваат граѓаните од најмалку развиените рурални средини во општината.

На фокус групата беа присутни 19 лица од 16 рурални месни заедници и тоа: Борово, Конопница, Мождивњак, Црцорија, Киселица, Б'с, Кркља, Мартиница, Дрење, Нерав, Добровница, Станци, Луке, Т'лминци, Осиче, Габор. Возрасната структура на учесниците е следната: 15,7% се лица на возраст до 30 години, 31,5% се лица на возраст од 31 до 50 години и 52,6% се лица на возраст над 51 година. Од друга страна, од вкупно 19 учесници, четири беа жени.

На дискусијата, присуство имаше од претставник од општината од одделението за локален економски развој, кој ги искажуваше реалните финансиски и човечки капацитети како и услови за изведба на дефинираните приоритети од страна на претставниците на месните заедници.

Дополнително, за општинските власти од суштинско значење се проектите за урбанизација кои примано се однесуваат на проекти за капитални инвестиции. Оттука, во последните три години, во општина Крива Паланка просечните годишни капитални расходи изнесуваат околу 31,8 милиони денари (максималните капитални расходи изнесуваат 36.870.391мкд во 2020 година). Ефектите од Ковид-19 во одредена мера влијаеа врз реализацијата на капиталниот буџет како на другите општини така и на општина Крива Паланка.[7]

[7] Види повеќе: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/0.-FINAL-PDF-CIP-ELS-Kovid-02012020.pdf




Извор: Завршни сметки на општина Крива Паланка 2018-2020

| Column1 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи на ЕЛС | 35,315,549,896 | 35,864,655,676 | 36,050,758,737 |
| Вкупни приходи на ЕЛС % од БДП | 5.4% | 5.2% | 5.4% |
| Вкупни приходи Крива Паланка | 307,440,123 | 344,544,297 | 359,666,775 |
| Вкупни приходи Крива Паланка % од БДП | 0.05% | 0.05% | 0.05% |
| Вкупни расходи на ЕЛС | 30,362,467,894 | 36,108,555,308 | 35,249,180,348 |
| Вкупни расходи Крива Паланка | 262,631,394 | 306,574,434 | 305,090,038 |
| Вкупни капитални расходи Крива Паланка | 22,071,329 | 36,870,391 | 36,494,728 |
| Капитални/Вкупни расходи Крива Паланка | 8.4% | 12.0% | 12.0% |

Извор: Завршни сметки на општина Крива Паланка 2018-2020

**Резиме на дискусии и приоритети на граѓаните за капитални инвестиции во руралните средини**

Процесот на дискусија беше структуриран: 1) индикација за главните прашања на секој граѓанин што се однесуваат на инфраструктурни проекти за заедницата 2) секој приоритет беше презентиран јавно и дискутиран меѓу членовите на групата со цел да се идентификуваат и да се дојде до договор за заеднички најприоритетни прашања за целокупната заедница со најголемо влијание и придобивки 3) приоритизирање на потребите во постоечките финансиски ограничувања.

***Рурални месни заедници***

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Борово | √ |
| 2 | Конопница | √ |
| 3 | Мождивњак | √ |
| 4 | Црцорија | √ |
| 5 | Киселица | √ |
| 6 | Б’с | √ |
| 7 | Кркља | √ |
| 8 | Мартиница | √ |
| 9 | Дреље | √ |
| 10 | Нерав | √ |
| 11 | Добровница | √ |
| 12 | Станци | √ |
| 13 | Луке | √ |
| 14 | Т’лманци | √ |
| 15 | Осиче | √ |
| 16 | Габор | √ |
| | ***Вкупно*** | ***19 (14 жени, 13мажи)*** |

**Мождивњак**

1. Водоснабдување- изградба на нова водоводна мрежа
2. Канализациона мрежа – доизградба и целосно ставање во функција, поврзување со систе куќи.
3. Патна мрежа – санација на оштетувања на патиштата. Чистење и пробивање на патишта од шума. Асфалтирање на пат База- Дубје, асфалтирање на споредни улици.
4. Поставување на урбана опрема, изградба на детско игралиште.

**Б’с**

1. Донесување на урбанистички план за проекти со сместувачки капацитети за рурален туризам
2. Студија за Калин Камен

**Нерав**

1. Патна мрежа – локалнен пат Нерав –Герман, реконструкција.
2. Канализациона мрежа – воспоставување.
3. Училиште

**Мала Црцорија**

1. Патна мрежа – прочистување, посипување или асфалтирање на главен пат што го поврзува селото со сите маали и селските гробишта.
2. Водоснабдување – заедничка согласност на селското население за воспоставување на систем за вода
3. Урбана опрема и санација и обновување на електричните столбови.

**Дрење**

1. Патна мрежа – редовно одржување на патиштата
2. Водоснабдување

**Луке**

1. Патна мрежа – асфалтирање од Крстовдол до Луке. Прожистување на два земјени патишта во Соколовци и Јанковци.
2. Поставување урбана опрема – осветлување на патот од Крстовдол до Луке
3. Водоснабдување – надминување на административни предизвици и приклучок на водовод

**Борово**

1. Патна мрежа – санирање на асфалтираниот пат кон село Борово и продолжување на асфалтот. Редовно прочистување и одржување на патот.

**Кркља**

1. Патна мрежа – обновување на патот кон маала Џиковции. Санација на патот кон селските гробишта.
2. Поставување на урбана опрема – поставување на осветлување на постоечките бандери.

**Т'лминци**

1. Патна мрежа – етапна изградба на патиштата
2. Водоснабдување – изградба на водовод
3. Оградување на гробиштата

**Осиче**

1. Патна мрежа – изградба на патот до гробиштата –тампонирање. Расчистување на патот од Крива Паланка до С. Осиче. Санација на локалните патишта кон маалата.

**Киселица**

1. Водоснабдуување – воспоставување на водоводна мрежа
2. Патна мрежа- санација на патот кон Гошинска маала

**Мартиница**

1. Патна мрежа – обновување на патот до село Мартиница.  Да се прочисти патот што ги поврзува селските маала

**Конопница**

1. Канализациона мрежа – целосно воспоставување на системот
2. Водоснабдување – поголем капацитет на вода
3. Патна мрежа – асфалтирање на неколколки правци кон селски маала
4. Обновување и одржување на градинката –ставање во функција

**Станци**

1. Патна мрежа – одржвање на патиштата и обновување со гребен асфалт. Тампонирање од селските гробипта до училиштето.
2. Поставување урбана опрема – осветлување  на делот од Марковиќ до Шофевски дол

Добровница

1. Патна мрежа- асфалтирање на 2км од Србиновско маало до Китка.
2. Мрежа за струја – санација и одржување
3. Оградување на селски гробишта од добиток

**Слики од фокус групата:**






**Идентификувани потреби на жителите од руралните средини во општина Крива Паланка**

| Приоритет | Мождивњак | Б’с | Нерав | Мала Црцорија | Дрење | Луке | Борово | Крклја | Т’лмици | Осиче | Киселица | Мартиница | Конопница | Станци | Добровница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Патна мрежа и реконструкција на локални патишта | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Образование | | | √ | | | | | | | | | | √ | | |
| Поставување урбана опрема (осветлување.. | √ | √ | | √ | | √ | | √ | √ | | | | | √ | √ |
| Водоснабдување | √ | | | √ | √ | √ | | | √ | | √ | | √ | | |
| Канализациона мрежа | √ | | √ | | | | | | | | | | √ | | |

# Анекс 2 Анкетен прашалник (за граѓаните)

**Локација на домаќинство:**
Населено/место или име на улица или соседство / код

**Рурална / урбана област**
(квалификатор)

**Дали сте постојан жител на општината?**
**Да / Не**

**Пол:**
Машки / Женски

**Возрасна група:**
18-34 . 35-50 . 50-70

**Статус на вработеност на испитаникот**
(постојано вработен -1, повремено / скратено работно време 2, невработен 3, самовработен 4, пензионер 5, студент 6)

**Просечен годишен приход на домаќинството**
(примател на социјална помош -1 ; <180.000 денари 2; 180.001-300.000 денари 3; 300.000-600.000 денари 4; 600.001 -1 мил. мкд 5; 1 - 1, 5 мил. мкд 6;> 1,5 мил. мкд 7

| | |
|---|---|
| **Ниво на образование**<br>(основно-1, средно-2, високо-3) | 1 2 3 |
| **На скала за 1 до 5 (1 лошо 5 одлично) како би ја оцениле општината како место / локација во смисла на:** | |
| Целокупен квалитет на животот на жителите | 1 2 3 4 5 |
| Место каде е погодно да се живее/има семејство | 1 2 3 4 5 |
| Место за млади / возрасни: игра / работа / образование / живеење | 1 2 3 4 5 |
| Место за пензионирање | 1 2 3 4 5 |

**Која е вашата најомилена карактеристика на општината која ја сакате (како нејзин жител) Изберете еден или два приоритета.**

| | |
|---|---|
| Рурална област и нема сообраќајни метежи / мирна околина | __ |
| Природа и пристап до активности на отворено / чисто опкружување - околина | __ |
| Големината - малите заедници | __ |
| Близината до центарот на градот / погодност на локацијата | __ |
| Маалскиот живот / блискоста меѓу заедницата | __ |
| Друго ______________________ | __ |

**На скала од 1 до 5 (1 силно не се согласувам 5 силно се согласувам) до кој степен се согласувате**

| | |
|---|---|
| Општо земено, верувам дека општината (како институција) добро си ја работи работата | 1 2 3 4 5 |
| Општината ги консултира граѓаните и го охрабрува нивното учество во донесувањето одлуки и во работата во советот | 1 2 3 4 5 |
| Како граѓани на општината добиваме добра вредност за локалните даноци и давачки што ги плаќаме | 1 2 3 4 5 |

**Во споредба со пред 5 години, во која насока е променет квалитетот на животот на граѓаните**

| | |
|---|---|
| На подобро | __ |
| Нема промени - истото | __ |
| Полошо | __ |

**Според вашето мислење, што е единственото (едно приоритетно) прашање во рамките на надлежностите на општината кое има потреба од ИТНО подобрување? (во вашата месна заедница / село) (од листата ИЛИ ДРУГО )**

| | |
|---|---|
| Можности и услови за започнување/водење сопствен бизнис | __ |
| Урбанистичко планирање - легализација / градење / урбана опрема / јавни површини / ... .. | __ |
| Превоз и одржување на локални патиштата | __ |
| Систем за канализација и отпадни води | __ |
| Систем за вода и водоснабдување | __ |
| Отстранување на отпад и хигиена | __ |
| Еколошка заштита и заштита на природа | __ |
| Образование / основно или предучилишно образование | __ |
| Друго ______________________ | __ |

**До кој степен сте задоволни со услугите на општината во: (на скала од 1 до 5). Доколку услугата не се обезбедува ставете 0.**

| | |
|---|---|
| Степен на обезбедување на локална патна инфраструктура (реконструкција и заштита на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти - одржување и поправка на пат) | .0 1 2 3 4 5 |
| Заштита на животната средина и природата | .0 1 2 3 4 5 |
| Обезбедување на систем за отстранување на отпадот / јавна хигиена / транспорт и третман на комунален цврст и технолошки отпад | .0 1 2 3 4 5 |
| Обезбедување систем за вода за пиење (снабдување со вода за пиење) | .0 1 2 3 4 5 |
| Обезбедување на канализационен систем (одводнување и третман на отпадните води) | .0 1 2 3 4 5 |
| Јавно улично осветлување | .0 1 2 3 4 5 |
| Одржување на речни корита | .0 1 2 3 4 5 |
| Културни и рекреативни настани во заедницата / поддршка | .0 1 2 3 4 5 |
| Социјална заштита и заштита на децата (детски градинки и домови и места за стари лица) | .0 1 2 3 4 5 |
| Планирање на користење на земјиште (урбано и рурално планирање) | .0 1 2 3 4 5 |
| Основно (и/или средно) образование | .0 1 2 3 4 5 |
| Противпожарни активности | .0 1 2 3 4 5 |
| Граѓански консултации | .0 1 2 3 4 5 |

| | |
|---|---|
| Локален економски развој (обезбедување на услови за отворање на бизниси, инвестиции) | .0 1 2 3 4 5 |
| Друго__________________________________ | .0 1 2 3 4 5 |
| *Општо од квалитетот на јавните услуги на општината* | .0 1 2 3 4 5 |

ОЧЕКУВАНИ КОМЕНТАРИ: Очекувани одговори како непостоечка услуга во некои области, на пр. Канализација, јавното осветлување, речните корита ќе бидат обележани) / од тука ќе се идентификуваат најдобро рангираните услуги и услуги кај кои се потребни подобрувања 0 _________ _______

**Со оглед на можноста да ги обезбедиме вашите предлози за подобри инвестиции, подобрување на инфраструктурата (на пр. Отпадни води, локални патишта, канализација, легализација на имот, урбанистички планови, осветлување, технолошки зони, образование, стари лица, младинска инфраструктура итн.) Што си приоритетни области за инвестиции кои треба да се разгледаат во вашата заедница од страна на општината?**

**Листа на 3 најприоритетни проекти (со наведување на најприоритетниот прво) ако знаеме дека финансиските ресурси се ограничени и треба да бидат насочени колку што е можно по ефикасно и ефективно.**

1____________________________________________

2____________________________________________

3____________________________________________

| | |
|---|---|
| **Колку сте запознаени со надлежностите на општината во областа на урбанистичкото планирање?** | 1 2 3 4 5 |
| **Колку сте задоволни со капиталните инвестиции на општината за подобар урбан развој (урбанизација, патишта, канализација, паркови) на вашата заедница?** | 1 2 3 4 5 |

**Дали постојат механизми за учество (дали сте запознаени со некои: средби, форуми, работилници) кои општината ги користи/користела за вие како граѓанин да учествува во одлучувањето за подобрување на урбаната инфраструктура или буџетски одлуки?**

Да/Не

ДА - 1 НЕ - 0

**Ако одговорот е да, за какви механизми знаете? Ве молам наведете во која сте учествувале**

____________________________________________________________

**Ако сте учествувале дали дадовте какви било предлози и какви биле тие?**

Да / Не

ДА - 1 НЕ - 0

**Ако сте дале предлози дали се разгледале? Да/Не**

**Ако да, кога / каде. Ако не, дали знаете зошто не?**

________________________________________________

**Дали сте во било во контакт со општинските власти / советот / месна/рурална заедница во последната 1 година?**

Не

Да
(Ве молам објаснете, во каква улога? тие ме контактираа само за ... Ме прашуваа мене ..., присуствував на состанокот во заедницата, присуствував на состанокот на советот ......... .. Имав средба со месна заедничка дискусија, имав средба со градоначалник, ми требаше .......)

**Ако одговорот е да на П12. Колку сте задоволни (1 воопшто не до 5 одлична) од услугата обезбедена од вработените во општината**

| | |
|---|---|
| Нивниот однос - желба да помогне - услужливост | 1 2 3 4 5 |
| Знаење и компетентност за тоа што баравте | 1 2 3 4 5 |
| Одговор - брзина / навременост на услугата | 1 2 3 4 5 |

**Кој начин е најмногу ви одговара за да комуницирате и да дознаете за работата и прашањата во општината (изберете еден до два начини кои најмногу ви одговараат)**

Веб-страница на општината __

Службен весник на општината __

Билтенот кој го подготвува општината / Весник повремено подготвен од општината __

Онлајн социјални медиуми (facebook) __

Радио / локална ТВ __

Стриминг канал / Јутјуб од состаноците на советот __

Редовни состаноци со Месна заедница __

Редовни консултативни состаноци на одреден период (X) каде би учествувале __

Телефон до службите __

Отворен ден за консултации со градоначалникот __

**Дали имате какви било коментари за потребите / квалитетот / капацитетот на општината во обезбедувањето услуги за капитални инвестиции / урбанистичко планирање - или услугите воопшто**

________________________________________________________________
________________________________________________________________
______________________________

Име и презиме / Контакт
(заинтересирани да бидете дел од форумот и да го слушнат исходот?)

**Колку сте задоволни од отчетноста и транспарентноста за трошењето на парите на општината.**

Не сум воопшто задоволен/а

Делумно се објавуваат информации

Редовно се објавуваат информации

Не знам дали се објавуваат информации за трошењето на парите

**Колку сте запознаени со локалните даноци/давачки кои ги плаќате на општината**

Не сум запознаен/а

Делумно

Запознаен/а сум

Не е во доменот на мојот интерес

**Дали редовно и целосно си ги плаќање даноците на општината?**

Да

Не

Понекогаш

**Ако НЕ или ПОНЕКОГАШ, која е причината?**

**Кои информации сакате да бидат достапни од општината за трошењата и за прибирањето на локалните даноци?**

Буџет на општината

Квартални извештаи за трошењето

Годишен извештај за работата на општината

Завршна сметка

Отчет (какви проекти се спроведени)

Планови за инвестиции и развој по населено место

Даночните пријави за данокот на имот да бидат електронски достапни

Детални информации за локалните даноци и давачки кон општината (висина, %)

Редовно да не викаат на состаноци во месните заедници и општината/советот

Колку точно собира општината од локалните даноци (за секој данок посебно)

Листа на плаќачи и неплаќачи на локалните даноци и давачки

**Како сакате да ви бидат достапни горенаведените информации?**

на веб страната на општината

на социјални медиуми - facebook на градоначалник

на социјални медиуми - facebook на општината

кога ќе отидам во општината

огласна табла

преку месните заедници

електронски весник

соопштенија залепени кај локалните продавници

локални радио и ТВ

јутјуб канал

по пошта

друго _________________________________

**Дали сметате дека висината на даноците кои ги плаќате се адекватни?**

**Данок на имот**

а) нема данок на имот во нашето населено место

б) висината е соодветно поставена

в) данокот е многу висок

г) данок е низок и има простор да се зголеми

**Данок на наследство и подарок**

а) висината е соодветно поставена

б) данокот е многу висок

в) данок е низок и има простор да се зголеми

**Данок на промет на недвижности**

а) висината е соодветно поставена

б) данокот е многу висок

в) данок е низок и има простор да се зголеми

ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ

Центар за економски анализи

Бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје

+389  2 2444 766

info@cea.org.mk

www.cea.org.mk